Д. ДИМЕСКИ

# ОСМАНЛИСКИОТ ТЕРОР ВО КОСТУРСКАТА КАЗА ВО ПЕРИОДОТ НА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

Османлиската власт користела стари и испробани методи при задушувањето на Илинденското востание. Теророт што го спровела преку војската, жандармеријата и башибозукот имал, пред сè, одмазнички и заплашувачки карактер. Адекватно на разгорот на востанието растел и се разгранувал османлискиот терор. Палењата на македонските села, масовните масакри и бестијалните оргии над незаштитените жени и девојки — станале обележје на македонското секојдневие во востанатите области.[1]) Ваквиот османлиски терор со огорчена осуда го жигосале напредните светски кругови.[2])

Особено тешко настрадала Костурската каза. Успесите на масовното востаничко движење во Костурско довело до жесток османлиски терор во костурските села.[3])

Во првата етапа на востанието османлискиот терор доминирал во селата од областа Корешта.

Неколку дена по пламнувањето на востанието на 24. VII/6 август н. стил 1903 година башибозукот од Трстеник навлегол во с. Лобаница, го ограбил и опожарил 14 куќи.[4]) Десетина

---

[1]) Сп. Д. Димески, Турските репресалии во леринските села за време на Илинденското востание, сп. Историја, IX/1, Скопје, 1973, 67—80.

[2]) Прогресивната светска јавност отворено го осудила османлискиот вандализам. Притоа предничеле прогресивните европски кругови.

Сп. Хр. Андонов-Пољански:

— Ехото на Илинденското востание сред југословенските народи, Илинденски зборник, Скопје, 1953, 221—254;

— Одгласот на Илинденското востание во Америка и Европа, сп. Историја, IV/1, Скопје, 1968, 37—74;

— Одѕивот на Илинденското востание во светот ,РТВ, Скопје, 1968, 31,

[3]) Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, т. I, София, 1933, 307.

[4]) Македония и Одринско (1893—1903), Мемоаръ на Вѫтрѣшната организация, 1904 г., 203.

Меѓутоа, според Ив. Попов, башибозукот ги изгорел споменатите 14 куќи на 29. VII/11. VIII. 1903 г. Сп. Борбата въ Костурско и Охридско (до 1904 г.), по спомени на *Иванъ Попов*, Смиле Войдановъ, Деянъ Димитровъ и Никола Митревъ, МНИ, кн. III, София, 1926, 40.

дена подоцна, на 4/17 август[5]) редовен аскер од Биглишта го нападнал ова село, го доопљачкал и ги опожарил преостанатите куќи.[6]) Во првата декада на септември 1903 година турски аскер повторно влегол во с. Лобаница и извршил нови злосторства.[7]) Во последниве два напада биле убиени:

1. Апостол (Толе) Гуљов, 78-годишен, убиен со куршум.[8])
2. Стојан Димов, 75-годишен, убиен со куршум.[9])
3. Попадија Цветковица Богданова, 74-годишна, убиена со куршум.[10])
4. Наум Мангов, 73-годишен, убиен со куршум.[11])
5. Димитар (Митре) Капиданчев, 62-годишен, убиен со куршум.[12])
6. Лина Л. Капиданчева, 23-годишна, убиена со куршум.[13])

---

[5]) Сведенија од Костурско, Прилог кон извештајот на Љ. Михајловиќ п.п. бр. 680 од 20. IX. 1903 г., — Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание, Илинденски зборник, ИНИ, Скопје, 1953, 97; Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 203; Извештај на А. Крал бр. 116/6. IX. 1903 г. — Д. Зографски, Извештаи од 1903—4 г., на австирксите претставници во Македонија, ИНИ, Скопје, 1955, 122. (Ова село кај Крал фигурира под името Лабамица).

Меѓутоа, според Чакаларов, с. Лобаница било изгорено на 5/18 август вечерта. Сп. В. Чакаларов, Въстанието в Костурско, сб. Илинденско-Преображенското въстание, София, 1968, 240.

[6]) Според Мемоарот с. Лобаница имало 91 куќа. При нападот на 17 август биле изгорени преостанатите 77 куќи. (Македония и Одринско, Мемоаръ., 203).

Според „Сведенија од Костурско. . .“, 100, — с. Лобаница имало 80 куќи.

Меѓутоа, според еден подоцнежен извештај на Љ. Михајловиќ, во с. Лобаница биле опожарени сите 70 куќи. (Прилог кон извештајот на Љ. Михајловиќ П. П. бр. 884/20. XI 1903 г., — Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание цит. зб., 150); Идентично гледиште има Н. Темчев. Сп. Н. Темчевъ, Жертвитѣ при потушуване на Илинденското възстание, Илюстрация Илинденъ, XIV/10 (140), 13.

[7]) Последниот напад на Лобаница Темчев го датира на 27. VIII/9. IX. 1903 год. (Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . . , Ил. Илинденъ, XIV/140, София, 1942, 13).

[8]) Н. Темчев, Жертвитѣ. . . , Ил. Илинденъ, XIV/140, 13.

Меѓутоа, во Мемоарот фигура како Толе Гуњов. (Македония и Одринско, Мемоаръ., 203); Во „Сведенијата од Костурско“, цит. зб., 100, — се споменува под името Тало Гулев, 75 годишен.

Во споменативе три случаи очигледно станува збор за една иста личност.

[9]) Сведенија од Костурско. . . , 100; Македония и Одринско, Мемоаръ, 203; Н. Темчевъ, Жертвитѣ, . . . Ил. Илинденъ, XIV/140, 13.

[10]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . . , 13.

Во „Сведенија од Костурско“ се споменува само возраста на попадијата (70 год.). Сп. Прилог кон извештајот на Љ. Михајловиќ п. п. 680/20. IX. 1903, — Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание, цит. зб., 100.

[11]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . . , Ил. Илинденъ, XIV/140, 13; Македония и Одринско, 203.

Меѓутоа, во „Сведенија од Костурско“ се споменува под презимето Менгов, на 75-годишна возраст. Сп. Прилог кон извештајот на Љ. Михајловиќ п. п. бр. 680/20. IX. 1903. . . , 100.

[12]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . . , Ил. Илинденъ, XIV/140, 13.

Меѓутоа, во „Сведенија од Костурско“ (Прилог кон извештајот на Љ. Михајловиќ п. п. 680. . . , 100) се наведува дека М. Капиданчев бил на 65-годишна возраст.

[13]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . . , Ил. Илинденъ, XIV/140, 13.

Истава личност во „Сведенијата од Костурско“ (Прилог кон извештајот на Љ. Михајловиќ п. п. бр. 680. . . , 100) и во Мемоарот (Македония и Одринско., 204). — се споменува под името Лазовица Капиданова.

7. Наке Андонов (Доне), 61-годишен, убиен со куршум.[14])
8. Лина Маркова, 21-годишна, бремена, убиена со куршум.[15])
9. Наке Гологачев, 67-годишен, убиен со штик.[16])
10. Накевица Гологачева, 66-годишна, исечена на парчиња.[17])
11. Димитар Кољо Манчев, 63-годишен, исечен на парчиња.[18])
12. Султана Г. Тодоровска, 25-годишна;[19]) и
13. Дине Мицов.[20])

Ранети биле:

1. Лазар Сотирчев.
2. Дина Сотировска.
3. Кољовица Богдановска; и
4. Ѓеловица Димитрова.[21])

Исчезнал: Мило Димитровски, 60-годишен.[22])

Освен тоа, според Мемоарот, биле обесчестени 45 жени и девојки, а пленети три млади невести и една девојка.[23])

Слична судбина доживеало и селото Црновишта.[24]) На 27. VII/9 август 1903 година аскер од Костур го нападнал и го

---

[14]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., 13; Македония и Одринско, Мемоаръ., 203.

Меѓутоа, во „Сведенијата од Костурско" (Прилог. . , 100) се наведува дека Наке Донев бил на 60-годишна возраст.

[15]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ, Ил. Илинденъ, XIV/140, 13.

Истава личност во Мемоарот (Македония и Одринско, 204) и во Сведенијата од Костурско (Прилог. . ., цит. зборн., 100) фигурира како Иљовица Марковичина (веројатно по името на сопругот).

[16]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., XIV/140, 13; Македония и Одринско, Мемоаръ., 203.

Меѓутоа, според „Сведенија од Костурско" (Прилог. . ., цит. зб., 100) Наке Гологачев имал 70 години.

[17]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., 13; Македония и Одринско, Мемоаръ., 203—4.

Меѓутоа, во „Сведенија од Костурско" (Прилог. . ., цит. зб., 100) се наведува дека Накевица Гологачева имала 65 години.

[18]) Н. Темчевъ, Idem; Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 203.

Истава личност во „Сведенија од Костурско" (Прилог., цит. зб., 100) фигурира под името Митре Коломенчев на 62-годишна возаст.

[19]) Н. Темчевъ, Жертвите. . ., Ил. Илинденъ., XIV/140, 13.

[20]) Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 203.

Меѓутоа, Темчев го споменува под името Доно Мижов на 63-год. возраст. Сп. Н. Темчевъ, Idem.

[21]) Сведенија од Костурско, Прилог кон извештајот на Љ. Мих. бр. 680, ц. зб., 100.

[22]) Ibidem.

[23]) Македония и Одринско, Мемоаръ., 204.

[24]) Според извештајот на раководителите на ТМОРО во Костурско, с. Црновишта имало 50 куќи. (Сведенија од Костурско, Прилог кон извештајот на Љ. Михајловиќ п. п. бр. 680/20. IX. 1903 г., — Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание, цит. зборн., 100).

Според Мемоарот (Македония и Одринско, 204), Црновишта имало 44 куќи.

Меѓутоа, според еден подоцнежен извештај на Љ. Михајловиќ, споменатово село имало 40 куќи. (Извештај на Љ. Михајловиќ, п. п. бр. 884/20. XI, 1903., 150).

опљачкал ова село.[25]) Освен тоа, опожарил 4 куќи.[26]) На 23. VIII/5. IX. 1903 година многуброен турски аскер повторно влегол во Црновишта.[27]) Притоа биле опожарени 40 куќи.[28]) Освен тоа, биле убиени:

1. Ѓамо Марков, 45-годишен, отепан со куршум.[29])
2. Ламбро Цилов, 20-годишен, отепан со куршум.
3. Мара Трондовска, 65-годишна, отепана со куршум.[30])

Овојпат биле силувани 28 жени и девојки.[31])

На 29. VII/11 август н. стил 1903 година пламнало богатото костурско село Д'мбени.[32]) Осумстотини турски војници

---

[25]) Сведенија од Костурско. . ., 96; Македония и Одринско, Мемоаръ., 204.

Меѓутоа, според Кљашев и Чакаларов, на 26. VII/8. VIII. 1903 год. биле опожарени неколку куќи во Црновишта. Конкретно, според Кљашев — 4, а според Чакаларов 1—2. Види: Освободителната борба въ Костурско (до 1904 г.), по спомени на Пандо Кляшевъ, МНИ, кн. II, София, 1925, 131; В. Чакаларов, Въстанието в Костурско, сб. Илинденско-Преображенското въстание, София, 1968, 233.

[26]) Македония и Одринско, Мемоаръ., 204.

Меѓутоа, според „Сведенија од Костурско" (Прилог. . ., цит. зб., 96), аскерот потпалил 2—3 куќи. Сп. фусн. 25.

[27]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ., Ил. Илинденъ., XIV/9 (139), 14.

Бројката од 15 илјади турски војници изнесена во Мемоарот е неприфатлива. Сп. Македония и Одринско, Мемоаръ, 204.

Многу е пореален податокот на Чакаларов дека во близина на Црновишта на 22. VIII ст. стил имало 7 илјади турски војници. (В. Чакаларов, Въстанието въ Костурско, цит. зборник, 249).

[28]) Македония и Одринско. . ., 204; Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., Ил. Илинденъ XIV/139, 14.

Бројката од 45 изгорени куќи што е презентирана во „Сведенија од Костурско" Прилог., 100) е речиси идентична со податоците во Мемоарот.

Според извештајот на австроунгарскиот конзул во Битола Август Крал, неколку села во Корештата, меѓу кои и Црновишта, биле подложени на тотални опустошувања. (Извештај на А. Крал бр. 124/16. IX. 1903 г., Д. Зографски, op. cit. 131—2).

[29]) Сведенија од Костурско. . ., 100.

Споменатава личност во Мемоарот се спомнува под името Ѓајамо. (Македония и Одринско, Мемоаръ., 204).

[30]) Сведенија од Костурско. . ., 100.

Во Мемоарот се истакнува дека биле убиени шестмина. Меѓутоа, имината на другите тројца не се спомнати. (Македония и Одринско. . ., 204).

[31]) Македония и Одринско, Мемоаръ., 204.

Интересно е да се истакне дека кон турскиот терор во некои случаи се надоврзувал теророт на големогрчката пропаганда. Така, на пр., според Темчев, гавазот на грчкиот владика придружен од неколку војници илави го повикал селскиот свештеик на Црновишта да се јави кај грчкиот патријаршиски митрополит во Костур. Патем свештеникот и неговиот брат крвнички биле масакрирани. Ова се случило неколку дена по опожарувањето на селото. Сп. Н. Темчевъ, Жертвитѣ, Ил. Илинденъ, XIV/139, 14.

[32]) Македония и Одринско, Мемоаръ., 203; Сведенија од Костурско., 96; В. Чакаларов, Въстанието. . . (дневник), 235, 247; Борбата въ Костурско и Охридско, по спомени на Ив. Поповъ и др. . , 39; Хр. Силяновъ, op. cit., 304.

Меѓутоа, според еден извештај на А. Крал, селото настрадало на 10 август. (Извештај на А. Крал бр. 117/6. IX. 1903 г., Д. Зографски, op. cit., 122); Истово гледиште го застапуваат и Н. Темчев и Спиро Загоричанин. Сп. Н. Темчевъ, Жертвитѣ, Ил. Илинденъ, XIV/139, 14; Спиро Загоричанин, Костурско в македонското освободително движење до 1903 г., сб. 50 години от Илинденското въстание, София, 1953, 76.

со артилерија го нападнале и го разориле ова село.[33]) Од 250 куќи[34]) огнената стихија ја преживеале само 4.[35]) Тоа биле куќите на П. Жундов, Доно Заеков, Јане Катков и Ване Попов. Нешто подоцна и тие биле уништени.[36])

При нападот на 11 август биле убиени:

1. Митре Терзиовски, 95-годишен, отепан со куршум.[37])
2. Трпен Ангелков, 85-годишен, отепан со куршум.[38])
3. Трајко Ангелов, 85-годишен, отепан со куршум.[39])
4. Јоше Ратков, 80-годишен, отепан со куршум.[40])
5. Ставро Кенков, 80-годишен, отепан со куршум.[41])
6. Кољо Поп Стерјовски, 19-годишен (идиот), отепан со куршум.[42])
7. Илица Шупкова, 90-годишна, отепана со куршум.[43])
8. Лазарица Карацова, 70-годишна, отепана со куршум.[44])

---

[33]) Сведенија од Костурско., 96; Меѓутоа, во Мемоарот се наведува бројка од илјада турски војници. (Македония и Одринско, Мемоаръ, 203).

[34]) Сведенија од Костурско (30 август ст. стил 1903 г.), Прилог кон извештајот на Љ. Михајловиќ п. п. бр. 680. . . , 96; Н. Темчевъ, Жертвитѣ . . . , Ил. Илинденъ, XIV/140, 12.

Меѓутоа во еден подоцнежен извештај на Љ. Михајловиќ е наведена бројката од 240 куќи. (Прилог кон извештајот на Љ. Михајловиќ п. п. бр. 884., 150).

Во Мемоарот се говори за 280 куќи. (Македония и Одринско., 203).

[35]) Македония и Одринско. . . , 203; В. Чакаларов, Въстанието. . . , 247.

Меѓутоа, во „Сведенија од Костурско“ (Прилог. . . , 100) се говори за три куќи, а кај Темчев за две. (Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . . , Ил. Илинденъ, XIV/140, 12).

[36]) В. Чакаларов, Въстанието в Костурско (дневник). . . , 247.

Според Темчев, изгорела и црквата св. Никола, како и двете селски училишта. (Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . . , Ил. Илинденъ, XIV/10 (140), София, 1942, 12).

[37]) В. Чакаларов, Въстанието в Костурско, цит. зборн., 247; Сведенија од костурско стр. 100; Македония и Одринско, 203.

Кај Темчев фигурира како Митре Терзија на 102-годишна возраст. (Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . . , Ил. Илинден, XIV/9 (139), София, 1942, 14.

[38]) Сведенија од Костурско. . . , 100.

Меѓутоа, кај Темчев, неговата возраст е сведена на 70 год. (Н. Темчевъ, Idem); Кај Чакаларов се говори за Трпо Наговрков, 80-годишен. (В. Чакаларов Въстанието..., 247); Веројатно се работи за иста личност.

[39] В. Чакаларов, Въстанието. . . , 247; Сведенија од Костурско. . . , 100

Меѓутоа, според Темчев, Трајко Ангелов имал 80 години. (Н. Темчевъ, Idem).

[40]) Сведенија од Костурско., 100; В. Чакаларов, Въстанието в Костурско. . . , 247; Македония и Одринско, Мемоаръ, 203.

Меѓутоа, според Темчев, Ратков имал 79 години. (Н. Темчевъ, Idem).

[41]) В. Чакаларов, Въстанието в Кострско. . . , 247.

Кај Темчев се наведува под истото име, но на друга, 70-годишна возраст. (Н. Темчев, Жертвитѣ. . . , Ил. Илинденъ, XIV/139, 14); Во „Сведенија од Костурско“, 100, — се говори за Совро Керков, 80-годишен.

Очигледно, станува збор за иста личност.

[42]) Сведенија од Костурско. . . , 100; В. Чакаларов, Въстанието. . . , 248.

Меѓутоа, според Темков, споменатиов Стерјовски имал 22 години, а бил убиен со нож на 25 август ст. стил. (Н. Темчевъ, Жертвитѣ, XIV/140, 12).

[43]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . . , Ил. Илинденъ XIV/139, 14.

[44]) В. Чакаларов, Въстанието в Костурско. . . , 248.

Меѓутоа, кај Темчев се споменува на 60-годишна возраст. (Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., Ил. Илинденъ, XIV/139, 14.); Во Сведенија од Костурско, цит. зб., 100, погрешно се наведува под презимето Каранова.

9. Димко Гулев, 75-годишен, расечен.[45])
10. Димковица Сулмазова, 65-годишна, расечена.[46])
11. Митревица Хациовска, 65-годишна, расечена.[47])

Ранети биле:

1. Поп Трајковица.
2. Стојаница Карацова; и
3. Трајковица Бриченска.[48])

Заробени биле:

1. Ставровица (Цвета) Здролова, 28 годишна.
2. Дочка Здролова, 3-годишна.[49])

Во почетокот на септември 1903 година втор бран на терор одвлекол нови жртви.[50])

Тоа биле:

1. Лексо Ангелов, 65-годишен, отепан со куршум.
2. Геле Цилиов, 80-годишен, отепан со куршум.
3. Динко Миовски, 58-годишен, отепан со куршум.
4. Крсто Ризов, 80-годишен, отепан со куршум.
5. Васил Чонка, 65-годишен, отепан со куршум.
6. Стојан Карацов, 85-годишен, отепан со куршум.
7. Иван Шиперков, 80-годишен, отепан со куршум.
8. Христо Узунца, 85-годишен, отепан со куршум.
9. Мише Москов, 65-годишен, отепан со куршум.

---

[45]) Сведенија од Костурско. . ., 100.

Меѓутоа, според Темчев, Д. Гулев имал 80 год. и бил убиен со куршум. (Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., Ил. Илинденъ, XIV/139, 14); Кај Чакаларов погрешно е наведена жена под името Динка Гуљова, 75-годишна. (В. Чакаларовъ, Въст., 247).

[46]) Македония и Одринско, Мемоаръ. ., 203.

Меѓутоа, кај Чакаларов се споменува под презимето Сулејмизова (В. Чакаларов, Въстанието., 249), кај Темчев како Салимезова, 60-годишна (Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., XIV/139, 14), а во „Сведенија од Костурско. . ., 100, — фигурира како Сумнезова. Очигледно се работи за иста личност.

[47]) Сведенија од Костурско. . ., 100; В. Чакаларов, Въстанието. . ., 248; Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., Ил. Илинденъ, XIV/9 (139) 14.

Според Мемоарот (Македония и Одринско. . ., 203), во Д'мбени биле убиени и исклани 16 мажи и жени. Наведовме имиња на единаесетмина. Имињата на другите, барем засега, се непознати.

[48]) Македония и Одринско, Мемоаръ., 203; В. Чакаларовъ, Въстанието. . ., 248.

Во „Сведенија од Костурско", 100, се наведени само двете последни.

[49]) Споменативе биле сестра и внука на Л. Поп Трајков. [Сп. В. Чакаларов, Въстанието. . ., 248; Сведенија од Костурско, цит. зборн., 102.

Меѓутоа, во Мемоарот (Македония и Одринско., 203) погрешно се споменува дека биле запленети младата невеста Цвета „со пеленачето".

[50]) Според Мемоарот, на 23 и 24 август ст. стил турски аскер го нападнал логорот на избеганите фамилии од с. Д'мбени, го ограбил спасениот имот, убил повеќе од 60 мина мажи и жени, многу жени и девојки обесчестил и 4 мали деца пленил. (Македония и Одринско, Мемоаръ, 203).

Меѓутоа, според Темчев, многуброен турски аксер го нападнал повторно с. Д'мбени на 25 август ст. стил. Селаните сместени во провизорните живеалишта во селото — се разбегале. Притоа настрадале 20-на селани. (Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., Ил. Илинденъ., XIV/9 (139) и 10 (140), стр. 14, 12).

16*

10. Динко Мајдов, 55-годишен, отепан со куршум.
11. Нолјо Шушмов, 85-годишен, каменован.
12. Иван Каракаш, 75-годишен, каменован.
13. Георги Каракаш, 8-годишен, убиен со нож.
14. Лазо Мангов, 65-годишен, отепан со куршум.
15. Јоти Ангелчев, 5-годишен, отепан со куршум.
16. Грозда (Бекиричина) Близнакова, 28-годишна, жива распарана.[51])
17. Василка Ризова, 18-годишна, отепана со куршум.
18. Колевица Мосманка, 70-годишна, отепана со куршум.
19. Цветковица Пашова, 80-годишна, отепана со куршум.
20. Василица Скивинска, 65-годишна, отепана со куршум.[52])

Во првата половина на август 1903 година било ограбено и опожарено с. Врбник.[53]) Изгореле сите 80 куќи.[54]) При турскиот напад биле убиени:

1. Митре Грозданов, 55-годишен.
2. Доно Динев, 70-годишен.
3. Илија Димев, 65-годишен.[55])
4. Василица Грозданова.[56])

На 15/28 август, за време на турската офанзива, повратените селски семејства во Врбник биле подложени на нови грабежи и силувања.[57])

---

[51]) Потресно сведоштво за бестијалното убиство на Грозда П. Близнакова е изнесено во Мемоарот. Сп. Македония и Одринско, 189; Хр. Силяновъ, op. cit, 422.

Според Темчев, Пандовица Близнакова имала 25 години. (Н. Темчев, Жертвитѣ. . ., Ил. Илинденъ, XIV/140, 12).

[52]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., Ил. Илинденъ, XIV/9 (139), 14; XIV/10 (140), 12.

[53]) Постојат две верзии за овој напад. Така, според Темчев (Жертвитѣ. . ., XV/141, София, 1943, 16), селото Врбник било нападнато од башибозук на 27 јули/9 август (недела).

Меѓутоа, според Мемоарот, селото Врбник било опожарено од истиот оној аскер што пертходно го уништил с. Д'мбени на 29 јули/11 август н. стил. Сп. Македония и Одринско., 203; Хр. Силяновъ, op. cit., 305; Овој датум го прифаќа и Чакаларов (В. Чакаларов, Въстанието., 234); Кај Попов е спомнат 29 јуни. Очигледно се работи за печатна грешка. (Борбата въ Костурско. . ., 39).

[54]) Прилог кон извештајот на Љ. Михајловиќ п. п. 884/20. XI. 1903 г., — Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание., цит. зборн. 150; Македония и Одринско, Мемоар. . ., 203.

Меѓутоа, според „Сведенија од Костурско", 100 — сите 60 куќи на Врбник биле изгорени; Според Темчев биле опожарени 92 куќи, како и селската црква св. Георги. Останале здрави само 5 куќи. (Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., Ил. Илинденъ, XV/1 (141), София, 1943, 16).

[55]) Н. Темчевъ, Idem.

Меѓутоа, според Мемоарот (Македоия и Одринско. . ., 203) биле заклани од аскерот само маж и жена. За убиство на маж и жена говори и Попов. Сп. Борбата въ Костурско и Охридско, по спомени на Ив. Поповъ. . ., 39.

[56]) Стрина на Пандо Кљашев.

Сп. Борбата въ Костурско и Охридско, по спомени на Поповъ. . ., 39.

[57]) Македония и Одринско, Мемоаръ на Вѫтрѣшната организация, 1904, 203.

На 4/17 август 1903 година турски војници и башибозук го нападнале, го ограбиле и го потпалите с. Жупаница.[58]) Пламенот ги проголтал сите 120 куќи.[59]) Изгореле и селските цркви: св. Петка, св. Илија и св. Троица.[60])

Ова село ги дало следниве жртви:[61])

1. Диме Гегов, заклан со нож.
2. Васил Шишков, заклан со нож.
3. Трпо Бочкар, заклан со нож.[62])
4. Доне Наков, 50-годишен, отепан со куршум.[63])
5. Сидор Андреев, 55-годишен, отепан со куршум.
6. Панајот Јанев, 45-годишен, отепан со куршум.
7. Насо Делов, 60-годишен, отепан со куршум.[64])
8. Трпо Мелов, 60-годишен, отепан во Костур.[65])
9. Кирјак Атанасов, 15-годишен, отепан во Костур.[66])
10. Поп Костадин, 70-годишен, отепан во Костур.
11. Наумче Кирјазов, 22-годишен, заклан.
12. Васил Шопов, 45-годишен, заклан.[67])
13. Кољо Иљовски, 75-годишен, заклан.
14. Нико Апостолов, 65-годишен, избоден.[68])

---

[58]) Сведенија од Костурско. . ., 97; Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 204; Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., Ил. Илинденъ, XIV/140, 12.

Меѓутоа, според Август Крал, селото било опожарено на 16 август. Потребно е да се спомне дека во овој извештај селото погрешно фигурира под името Зупаништа. Сп. Извештај на А. Крал бр. 117/6. IX. 1903 год., Д. Зографски, op. cit., 122. Сепак, во еден поранешен извештај на А. Крал, селото е правилно спомнато под името Жупаништа. Сп. Прилог кон извештајот на А. Крал бр. 112/3 септември 1903, op. cit-. 103.

Од Дневникот на Чакаларов се добива впечаток дека селото Жупаница било опожарено на 5/18 август вечерта. Сп. В. Чакаларов, Въстанието в Костурско, цит. зборн., 239—240.

[59]) Прилог кон извештајот на Љ. Михајловиќ п. п. бр. 884/20. XI. 1903., 150; Македония и Одринско., 204; Н. Темчевъ, Жервитѣ., XIV/140, 13.

[60]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ., Ил. Илинденъ, XIV/140, 13.

[61] Според Мемоарот, на 4 август ст. стил биле фатени 11 мажи и сите биле заклани (Македония и Одринско., 204), а според Темчева, на споменатиов ден само тројца настрадале. (Н. Темчевъ, Жертвитѣ, XIV/140, 12).

[62]) Споменативе тројца биле селски првенци кои тргнале во пресрет на турската војска и притоа настрадале. (Н. Темчевъ, Жертвитѣ., 140, 12).

[63]) Сведенија од Костурско, цит. зборн., 100.

Истава личност во Мемоарот се споменува под името Дине Наков. Сп. Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 204.

[64]) Сведенија од Костурско. . ., 100.

[65]) Сведенија од Костурско. . ., 100.

Истава личност во Мемоарот (Макед. и Одринско, 204) се споменува под презимето Миљов.

[66]) Сведенија од Костурско., 100.

Споменатиов, според Мемоарот, бил заклан на 4 август ст. стил (Македония и Одринско., 204); Меѓутоа, според Темчев, Киро Атанасов бил убиен подоцна. Сп. Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., Ил. Илинденъ. ., XIV/10 (140), 13.

[67]) Сведенија од Костурско. . ., 100; Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 204.

[68]) Сведенија од Костурско. . ., 100.

15. Свештеник Атанас, убиен.
16. Свештеник Димитар, убиен.
17. Сидо П. Чернов, убиен.
18. Коле Гешов, убиен.[69])

В плен биле одведени: жупаничанката Пандовска со мајка ѝ и со нејзините три машки деца и едно девојче.[70])

На 23. VIII/5. IX. 1903 година во месноста „Црна Гора" дошло до бестијално изживување на четворица аскери над 14-годишната Доча Постолова од с. Жупаница.[71])

На 4/17 август настрадало и с. Косинец.[72]) Ова големо костурско село било темелно ограбено и потпалено. Од вкупно 253 куќи во пожарот изгореле 250.[73]) Освен тоа изгореле и селските цркви св. Петка и св. Атанас, како и селското училиште.[74]) Аскерот запленил и 2.700 овци, 350 говеда и 150 грла товарен добиток.[75])

Покрај тоа, настрадале следниве лица од Косинец:[76])

1. Васил Киселинчев, 86-годишен, отепан со куршум.[77])
2. Цветан В. Киселинчев, 88-годишен, отепан со куршум.[78])
3. Цвета Василева, 80-годишна, отепана со куршум.[79])

---

[69]) Последниве четворица биле погубени подоцна. Сп. Н. Темчевъ, Idem.

[70]) Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 204.

Меѓутоа, во „Сведенија од Костурско. . . , 102, — се споменува како Толевица Пендовска. Покрај тоа, овде се говори за „три машки деца и едно момче".

[71]) Споменатава била ќерка на Нико Поп Торлов. Сп. В. Чакаларов, Въстанието в Костурско, цит. зб., 256; Македония и Одринско, Мемоаръ. . . 204.

Меѓутоа, во спомените на Кљашев погрешно се споменува дека била силувана од 40 Турци. Сп. Освободителната борба въ Костурско, по спомени на П. Кляшевъ, МНИ, София, 1926, 133.

[72]) Сведенија од Костурско. . . , 97; Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 204; Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . . , Ил. Илинденъ, XIV/140, 13; Борбата въ Костурско и Охридско, 45.

[73]) Прилог кон извештајот на Љ. Михајл. п. п. 884., 149; Макед. и Одринско., 204.

Меѓутоа, во еден поранешен извештај на Љ. Михајловиќ (п. п. бр. 645/5. IX. 1903 г., цит. зб., 74), како и во „Сведенија од Костурско". . . , 100,— се говори дека од вкупно 200 останале здрави само 8 куќи; Темчев споменува дека од 206 останале здрави 17 куќи. (Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . . , XIV, 140, 13); Според Чакаларов, пожарот го преживеале 14 куќи. (В. Чакаларов, Въстан., 247).

[74]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . . , Ил. Илинденъ, XIV/140,13.

[75]) Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 204.

[76]) Според Мемоарот настрадале 56 лица. (Македония и Одринско. . . , 204).

[77]) Сведенија од Костурско. . . , 100.

Меѓутоа, според Темчев, Киселинов имал 80 години и бил убиен со нож. (Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . . , XIV/140, 13).

[78]) Сведенија од Костурско. . . , 100.

Меѓутоа, во Мемоарот се говори за Цвета Киселинчева. (Македония и Одринско. . . , 204). Овде или е направена грешка, или пак станува збор за споменатата, Цвета Василева.

[79]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . . , XIV/140, 13.

4. Киро Главкоски, 64-годишен, отепан со куршум.[80])
5. Танас Минов, 63-годишен, отепан со куршум.[81])
6. Мара Х. Кумбарова, 28-годишна, отепана со куршум.[82])
7. Илија А. Таков, 13-годишен, отепан со куршум.[83])
8. Ѓоро Руков, 62-годишен, отепан со куршум.[84])
9. Митревица Палигорка, 50-годишна, отепана со куршум.[85])
10. Кољо Петков, 51-годишен, отепан со куршум.
11. Стојан Мацанов, 60-годишен, отепан со куршум.[86])
12. Пане Пулаче, 70-годишен, отепан со куршум.[87])
13. Деспа Оцева, отепана со куршум.[88])
14. Елена С. Германова, 73-годишна, заклана.[89])
15. Мара Тенова, 70-годишна, заклана.[90])
16. Стојаница Гештанка, 75-годишна, изгорела.
17. Пеновица Ангелинова, 60-годишна, изгорела.
18. Цветковица Оцајка, 80-годишна, изгорела.
19. Иван Орлинов, 28-годишен, отепан со куршум.[91])
20. Трендо Кољов, исечен на парчиња.[92])

---

[80]) Сведенија од Костурско. . ., 100.

Кај Темчев се споменува Киро Миовски, 65-годишен. (Н. Темчев, Idem). Можно е да е во прашање иста личност.

[81]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., Ил. Илинденъ, XIV/140, 13.

[82]) Сведенија од Костурско. . ., 100.

Кај Темчев се споменува Ристовица Тумбарка, 23 годишна. (Н. Темчевъ, Idem.), а во Мемоарот — Мара Тумбарева. (Македония и Одринско. . ., 204). Можно е да се работи за една иста личност.

[83]) Сведенија од Костурско. . ., 101.

Во Мемоарот и кај Темчев се споменува под презимето Петков. Сп. Македония и Одринско. . ., 204; Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., XIV/140, 13. Очигледно станува збор за иста личност, особено кога се има предвид идентичноста на возраста во трите случаи.

[84]) Сведенија од Костурско. . ., 101.

Кај Темчев и во Мемоарот се споменува како Герго Руков. Сп. Н. Темчевъ, Жертвите. . ., XIV/140, 13; Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 204.

[85]) Сведенија од Костурско. . ., 101.

Кај Темчев се споменува Митровица Петличарова, убиена со нож (55 год.) (Н. Темчев, Idem), а во Мемоарот (Мак. и Одрин., 204) — Митревица Пеличарка. Можно е да е во прашање иста личност.

[86]) Сведенија од Костурско. . ., 101.

[87]) Сведенија од Костурско. . ., 101.

Кај Темчев се споменува како Пене Пуљачов, 63 год., убиен со нож. (Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., Ил. Илинденъ, XIV/140, 13).

[88]) Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 204.

Во Сведенија од Костурско. . ., 101, — се споменува како Депа Оцева, 72-годишна.

[89]) Сведенија од Костурско. . ., 101.

Во Мемоарот (Македония и Одринско. . ., 204) се споменува под презимето Гершанова.

[90] Сведенија од Костурско., 101.

Во Мемоарот се споменува Мара Пенева. (Македония и Одринско. . ., 204.) Можно е да е иста личност.

[91]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., Ил. Илинденъ, XIV/140, 13.

Меѓутоа, според „Сведенија од Костурско. . “, 102, — Орлинов бил запленет.

[92]) Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 204.

Пленети биле:

1. Наумовица Србова, 52-годишна.
2. Риста Србова, 20-годишна.
3. Ламбро, 8-годишен.
4. Србо, 4-годишен.[93])
5. Риста Н. Порјазова, 20-годишна.[94])
6. Мара Х. Станчова, 11-годишна.
7. Сотирица Љачка, 40-годишна.
8. Цветковица Нинева, 36-годишна.
9. Трпо Ц. Нинев, 6-годишен.[95])
10. Цвета П. Љачка, 12-годишна.
11. Насо Минчев, 60-годишен.
12. Иван Христов, 14-годишен.
13. Иваница Гулева, 35-годишна.
14. Христина Гулева, 2-годишна.[96])

Во првата декада на септември 1903 година косинчани биле подложени на нов терор[97]) Притоа, на ѕверски начин биле погубени:

1. Митовица Бојанка, 85-годишна, расечена со секира.
2. Кољовица Бојанка, 70-годишна, расечена со секира.
3. Димит. Манељовски, 50-годишен, расечен со секира.
4. Липо Манељовски, 65-годишен, расечен со секира.
5. Диме Манељовски, 65-годишен, расечен со секира.
6. Кире Пинѕов, 65-годишен, заклан.
7. Јован Мола, 67-годишен, убиен со нож.
8. Васил Пандов, 70-годишен, убиен со нож.
9. Софија Пандова, 50-годишна, убиена со нож.
10. Трендо Нолчев, 65-годишен, убиен со нож.
11. Атанас Караминовски, 65-годишен, убиен со куршум.
12. Васил Цветков, 65-годишен, убиен со куршум.
13. Петровица Влаинка, 35-годишна, убиена со куршум.
14. Пандо Рисковски, 70-годишен, заклан со нож.

---

[93]) Сведенија од Костурско..., 102.

Во Мемоарот (Македония и Одринско..., 204) се говори за Риста, Ламбо и Србо Србови.

[94]) Сведенија од Костурско..., 102.

Во Мемоарот се споменува под презимето Пирјазова. (Македония и Одринско..., 204).

[95]) Сведенија од Костурско..., 102; Македония и Одринско, Мемоар..., 204.

[96]) Сведенија од Костурско..., 102.

Во Мемоарот се истакнува дека биле одведени в плен 9 жени и девојки и 7 мажи, меѓу кои и некојаси Диневица. Сп. Македония и Одринско, Мемоаръ на Вътрѣшната организация, 1904, 204.

[97]) Според Темчев, трагедијата се повторила на 27. VIII/9. IX. 103 год. (Н. Темчевъ, Жертвитѣ..., Ил. Илинденъ, XIV/140, 13.

Меѓутоа, според Мемоарот, косинчанецот Сотир Орлинов бил погубен на 24. VIII/6 септември 1903 год. (Македония и Одринско..., 189).

15. Динко Калановски, 68-годишен, заклан со нож.
16. Митре Влав, 70-годишен, заклан со нож.
17. Диневица Тумбарка, 85-годишна, заклана со нож.
18. Стојан Крстев, 65-годишен, убиен со куршум.
19. Свештеник Ставро, 90-годишен, убиен со куршум.
20. Дине Стојанов, 48-годишен, убиен со куршум.
21. Пене Пинѕов, убиен со нож.
22. Наум Миовски, 65-годишен, убиен со куршум.
23. Наум Апостолов, 27-годишен, убиен со куршум.
24. Гаки Димов, 27-годишен, убиен со куршум.[98])
25. Трендо Мацанов, 85-годишен, заклан со нож.
26. Мануша Трендова, 80-годишна, заклана со нож.[99])
27. Сотир Орлинов, 85-годишен, ослепен и заклан.[100])
28. Риста Тимова, 35-годишна, исчезнала без трага.[101])

Веднаш по опожарувањето на Жупаница и Косинец, истиот аскер го ограбил и го потпалил малото костурско село — чифлик Орман.[102]) Притоа изгореле сите куќи.[103]) Бил убиен само еден старец.[104])

На 23. VIII/5. IX. 1903 година аскерот што претходно го опустошил с. Црновишта, влегол во с. Горно Дреновени.[105]) Притоа селото било ограбено и потпалено. Од 65 куќи останале здрави само 10.[106]) Освен тоа, биле убиени:

---

98) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., Ил. Илинденъ, XIV/140, 13.

99) Н. Темчевъ, Idem.

Меѓутоа, според Мемоарот, споменативе, веројатно брачни другари, биле убиени на 4/17 август. (Македония и Одринско. . ., 204).

Потребно е да се истакне дека во „Сведенија од Костурско. . .,“, 101, се говори за Мануш П. Мацанов, 78 годишен. Тешко може да се утврди дали е во прашање грешка или пак станува збор за друга личност.

100) Македония и Одринско. . ., 189; Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., XIV/140, 13. С. Орлинов бил убиен на монструозен начин. Најпрвин му биле извадени очите, а потоа бил исечен на парчиња. Cf. ф. 97.

101) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., Ил. Илинденъ, XIV/140, 13.

102) Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 204; Сведенија од Костурско. . ., 97.

103) Според една верзија изгореле сите 20 куќи. Сп. Извештај на Љ. Михајловиќ п. п. бр. 645/5. IX. 1903 г. . ., цит. зборн., 74; Сведенија од Костурско. . ., 101. Според друга, с. Орман што имало 15 куќи целосно изгорело. (Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 204).

104) Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 204.

105) Македония и Одринско, 204.

Според Чакаларов, на 23 август аскерот ги опожарил куќите во „две маала на Дреновени“ (В. Чакаларов, Въстанието. . ., 249).

106) Сведенија од Костурско. . ., 103; Извештај на Љ. Михајловиќ бр. 645. . ., 74.

Меѓутоа, поред Мемоарот (Македония и Одринско. . ., 204) изгореле 66 од вкупно 70 куќи; Во еден подоцнежен извештај Љ. Михајловиќ, очигледно неправејќи разлика меѓу двете села Дреновени (Горно и Долно) нагласува дека изгореле сите 110 куќи. Сп. Прилог кон извештајот на Љ. Михајловиќ п.п. бр. 884/20. XI. 1903 г., цит. зб. 150; Истата грешка ја повторува и Темчев. Според Темчев, од 110 останале здрави само 9 куќи. (Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., Ил. Илинден, XIV/9 (139), София, 1942, 14).

1. Наке К. Королев, 73-годишен, отепан со куршум.[107])
2. Свештеник Јани, 75-годишен, отепан со куршум.[108])
3. Глигор Петрески, 70-годишен, отепан со куршум.[109])
4. Геле Мејанчев, 65-годишен, отепан со куршум.[110])
5. Лазо Сотиров, 45-годишен, отепан со куршум.[111])
6. Крсто Колчов, 57-годишен, отепан со куршум.[112])
7. Лазо Перела, 70-годишен, искасапен.[113])
8. Крсто Нолев, 65-годишен, отепан со куршум.
9. Глигор Миов, 48-годишен, отепан со куршум.
10. Нико Колков, 28-годишен, отепан со куршум.[114])

Ранет бил Спасе Петрески, 62-годишен.[115])

Два дена подоцна, слична судбина го снашла с. Долно Дреновени.[116]) Од вкупно 30 останале само 4 куќи.[117]) Во ова село на ѕверски начин бил искасапен Нумо Гувелов на 55-годишна возраст.[118])

---

[107]) Сведенија од Костурско. . . , 101; Македония и Одринско. . . , 204.

Меѓутоа, Темчев пишува за Наке Ѓаке Королев, 75 год. Н. Темчевъ, Idem.

[108]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . . , XIV/139, 14; Македония и Одринско. . . , 204.

Во Сведенија од Костурско. . . , 101, — се споменува како поп Јане.

[109]) Сведенија од Костурско. . . , 101.

Темчев зборува за Глигор Р. Петровски, 65-годишен. Сп. Н. Темчевъ, Idem.

[110]) Сведенија од Костурско. . . , 101.

Меѓутоа, Темчев го споменува под презимето Мијанчев, 73 год. (Н. Темчевъ, Idem); Во Мемоарот се споменува Геле Манчев. (Македония и Одринско. . . , 204).

[111]) Сведенија од Костурско. . . , 101.

Меѓутоа, според Темчев, Лазо Сотиров имал 62 години (Н. Темчевъ, Жертвитѣ., XIV/139, 14).

[112]) Сведенија од Костурско. . . , 101.

Меѓутоа, во Мемоарот се споменува под презимето Калчев. (Македония и Одринско. . . , 204).

[113]) Сведенија од Костурско. . . , 101.

Меѓутоа, според Темчев, Перелов имал 77 години. (Темчевъ, Жертвитѣ. . . , XIV/139, 14).

[114]) Н. Темчевъ, Idem.

[115]) Сведенија од Костурско. . . , 101.

Во Мемоарот (Мак. и Одринско. . . , 204) — се споменува под презимето Петровски.

[116]) Македония и Одринско, Мемоар. . . , 204.

[117]) Извештај на Љ. Михајловиќ, п.п. бр. 645/5. IX ст. стил 1903, цит. зб., 74 Сведенија од Костурско. . . , цит. зборн., 101.

Меѓутоа, според Мемоарот, биле опожарени сите 20 куќи. (Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 204).

[118]) Сведенија од Костурско. . . , 101.

Кај Темчев се споменува под презимето Ѓувелов на 70-годишна возраст. (Н. Темчевъ Жертвитѣ. . . , XIV/139, 14).

На 23 август/5 септември н. ст. 1903 година турски аскер влегол и во с. Поздивишта.[119]) Селото било ограбено и потпалено. Изгореле 27 од вкупно 120 куќи.[120]) Настрадале:

1. Ристевица Спасова, 50-годишна.[121])
2. Лазовица Лазарова, 65-годишна, жива изгорела.[122])

На 25. VIII/7 септември 1903 година било ограбено и опожарено с. Вмбел.[123]) Изгореле 80 од вкупно 120 куќи.[124]) Населението навреме избегало. Оние старци, што се затекнале во селото, ја искусиле острицата на турскиот терор.[125]) Настрадале:

1. Ставро Мошенски, 108-годишен, изгорел во плевна.
2. Стојаница, 100-годишна, убиена.[126])
3. Ставро Спасов, 90-годишен, убиен.
4. Трендо Митрев, 90-годишен, убиен.
5. Ница Тасева, убиена.[127])

Следниот ден војската ја опколила месноста „Скрка", каде што биле засолнети жителите на Вмбел. Притоа настрадале:

1. Иван Ставрев, 90-годишен, убиен.
2. Јане Антонов, 22-годишен, убиен.
3. Никола Пандов, 80-годишен, убиен.

---

[119]) Македония и Одринско, Мемаоръ., 204.

Темчевъ, Жертвитѣ. . ., Ил. Илинденъ, XIV/139, 14.

[120]) Сведенија од Костурско. . ., 101.

Извештај на Љ. Михајловиќ п. п. бр. 645. . ., 74.

Меѓутоа, според Темчев, од вкупно 110 куќи биле опожарени 30 куќи и 23 плевни. (Темчевъ, Idem); Според Мемоарот, од 120 биле опожарени 50 куќи. (Македония и Одринско. . ., 204). Оваа бројка е предадена и во еден подоцнежен извештај на Љ. Михајловиќ. Сп. Прилог кон извештајот на Љ. Михајловиќ бр. 884/20. XI. ст. стил 1903. . ., 150.

[121]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., Ил. Илинденъ, XIV/139, 14.

Во Сведенија од Костурско, 101, — се споменува како Ристевица Китка, 55-годишна, а во Мемоарот (Македония и Одринско. . ., 204) под презимето Кинтева.

[122]) Н. Темчевъ, Idem.

Во Сведенија од Костурско, 101, — се споменува Лазовица Јотова, а во Мемоарот Лазовица Шотова. (Македония и Одринско. . ., 204).

[123]) Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 204; Хр. Силяновъ, op. cit., 385; В. Чакаларов, Въстанието в Костурско. . ., 253; Темчевъ, Жертвитѣ. . ., XV/141, София, 1943, 16.

[124]) Прилог кон извештајот на Љ. Михајловиќ п. п. 884., цит. зборн., 150.

Меѓутоа, според Темчев, биле опожарени 92 од 120 куќи. (Темчев, Idem); Според „Сведенија од Костурско", 102, — изгореле сите 120 куќи; Според Мемоарот (Македония и Одринско. . ., 204) изгореле 95 од вкупно 130 куќи.

[125]) Според Мемоарот биле убиени 8 мажи и жени, меѓу кои и еден старец на 100-годишна возраст. (Македония и Одринско, Мемаоръ. . ., 204).

[126]) В. Чакаларов, Въстанието в Костурско, 253.

[127]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., Ил. Илинденъ, XV/141, София, 1943, 16.

4. Димитар Пандов, 12-годишен, убиен.[128])
5. Митре Ѓаков, 15-годишен, убиен.
6. Наумица Ѓакова, 38-годишна, убиена.[129])

Во меѓувреме, во месноста „Липовец" аскерот ја открил и ја опколил пештерата во која се засолнала селската в'мбелска чета. [130]) Во пештерата се наоѓале 18 души: 14 востаници и четворица невооружени селани од Вмбел.[131]) Престрелката помеѓу востаниците и аскерот траела 2 часа.[132]) Заслабената востаничка стрелба им овозможила на аскерите да се приближат до влезот на пештерата и да фрлат во неа запалена слама.[133])

Недостигот на оружје и опасноста од задушување ја направиле ситуацијата безизлезна. Нескршливиот морал на мнозинството опколени довел до колективна саможртва: 15-мина извршиле самоубиство.[134]) Киро Марков (21 год.) се предал жив

---

[128]) Ibidem.

[129]) В. Чакаларов, Въстанието. . ., 253.

Кај Темчев се споменува како Наумица Љакова. (Темчевъ, Idem).

[130]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., XV/141, 16.

[131]) Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 204; Хр. Силяновъ, op. cit., 386; Освободителната борба въ Костурско, по спомени на П. Кляшевъ. . ., 136.

Меѓутоа, според Темчев, имало само 15 четници. (Н. Темчев, Idem); Според Чакаларов имало 10 вооружени четници и 5 мина без оружје. (В. Чакаларов, Въстанието. . ., 253); Хиперболизиран е податокот во „Сведенијата од Костурско", 99, — дека во пештерите биле скриени 189 востаници од в'мбелската чета.

[132]) Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 204.

[133]) Хр. Силяновъ, op. cit., 386.

Според Чакаларов Турците запалиле снопје до влезот во пештерата. (В. Чакаларов, Въстанието в Костурско. . ., цит. зборн. 252).

[134]) Македония и Одринско, Мемоар. . ., 204.

Според Темчев, следниве 15 мина се самоубиле:

1. Петре Папа, 17 год.
2. Георги Наумов, 20 год.
3. Трпо Лазов, 25 год.
4. Никола Димитров, 20 г.
5. Андон Димитров, 24 г.
6. Цветко Ламбрев, 23 г.
7. Наум Лазов, 28 г.
8. Никола Пенев, 30 г.
9. Вангел Тодоров, 18 год.
10. Наум Георгиев, 17 г.
11. Георги Андонов, 28 г.
12. Јани Киров, 20 г.
13. Андон Костадинов, 22 г.
14. Јани Христов, 23; и
15. Сотир Митрев, 21 г.

I (Н. Темчевъ, Жертвите. . ., XV/141, 16).

Друга листа на жртвите во пештерата изнесува Чакаларов. Според него, настрадале:

1. Геле Тодоров, 20 г.
2. Киро Марков, 21 г., заклан
3. Јане Киров, 18 год.
4. Јане Донов, 18 г.
5. Цветко Лабров, 23 г.
6. Доно Митров, 28 г.
7. Кољо Пандов, 35 г.
8. Сотир Митрев, 19 г.
9. Јане Трицаров, 20 г.
10. Јане Нанчов,
11. Нумо Гергов, 18 г.
12. Герго Донов, 27 г.
13. Кољо Митров, 32 г.
14. Герко Нумов, 18 г.

(В. Чакаларов, Въстанието в Костурско, цит. зборн., 252—3).

Само неколку личности фигурираат на двете листи. Тешко може да се утврди, поради недостиг на други податоци, која од споменативе две листи е поблиску до вистината.

во турски раце, но тоа му донесло уште погрозна смрт: бил заклан.[135]) Единствено се спасил 15-годишниот Герго Јанев. При обидот за бегство тој бил полесно ранет. Се преправил дека е мртов и тоа му го спасило животот. Претрпел танталови маки при воздржувањето да не писне кога аскерите му го отсекле едното уво согласно со нивниот стар обичај по отсечените уши да ги бројат убиените непријатели.[136]) Како завршил животот на последниот од осумнаесетмината не е познато. Веројатно се задушил.[137])

Најлесно поминале селата Кономлади и Турје. Таму теророт бил релативно поблаг.

С. Кономлади трипати било ограбено: на 23. VIII/5. IX. н. стил, на 25. IX./8. X. и на 16/29 октомври 1903 година. Притоа настрадале:

1. Јане Темелков, 30-годишен, убиен со нож.
2. Стојан Иванов, 16-годишен, убиен со нож.[138])

На 21. IX. /4. X. 1903 година турскиот аскер што врвел покрај селската шума, ги погубил следниве жители на с. Турје:

1. Танас Христов.
2. Коста Ангелов.
3. Петре Михајлов.
4. Танас Младен.[139])

Селото Смрдеш, по вандалското опустошување во мај 1903 година, за време на востанието повторно било нападнато. Во првата декада на септември, аскерот извршил нови злосторства во ова село. Притоа го одвлекол и преостанатиот селски добиток.[140])

Варварските опустошувања на костурските села во областа Пополе, што започнале кон крајот на август 1903 година, неразделно се сврзани со познатата турска офанзива во Битолскиот вилает.[141])

---

[135]) В. Чакаларов, Въстанието. . ., 252—3.

[136]) Освободителната борба въ Костурско (до 1904 г.). По спомени на П. Кляшевъ, София, 1926, 136; В. Чакаларов, Въстанието. . ., 253; Хр. Силяновъ, op. cit., 386.

Меѓутоа, според Мемоарот (Македония и Одринско. . ., 204) момчето било на 13 годишна возраст.

[137]) „Едни од востаниците се самозастрелаа, а други се задушија" — истакнува Силјанов. Меѓутоа, Силјанов не дава никакви податоци за бројот на самоубиените и на задушените. Сп. Хр. Силяновъ, op. cit., 386.

[138]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., Ил. Илинденъ, XIV/140, 1942 т., 12.

[139]) Н. Темчевъ, Жертвите. . ., Ил. Илинденъ, XV/141, 1943 г., 16.

[140]) На 23. VIII/5. IX 1903 г., според Мемоарот, турски војници го фатиле во месноста „Бели кладенци" на два километри од Смрдеш осумдесетгодишниот Стојан Вурженко. Притоа го соблекле и жив го испекле на скара. (Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 189, 206).

Според Темчев, с. Смрдеш било нападнато на 25. VIII/7. IX. 1903 г. (Темчевъ, Жертвитѣ. . ., XV/141, 16).

[141]) Сп. Д. Димески, Востаничките акции во Старо Нередскиот реон, Леринско, 1903 година, — Год. зборн. на Филозофскиот факултет во Скопје, т. 26, Скопје, 1974.

Единствено с. Шестеово своето прво опустошување го доживеело во првите дни на востанието. На 26. VII/8 август н. стил 700 турски војници од Костур влегле во с. Шестеово, го ограбиле и го потпалиле.[142]) Во пожарот изгореле 27 од вкупно 180 куќи.[143]) Еден месец подоцна селото било повторно нападнато и опожарено.[144]) Притоа изгореле 30-на куќи. Сумарно речено во двата пожара изгореле 60 од вкупно 180 куќи.[145])

Освен тоа, аскери неколку пати го пустошеле логорот на шестеовските фамилии. Притоа, според Мемоарот, силувале 25 жени и девојки.[146])

При тие напади настрадале:

1. Марија Малковска, 90-годишна, убиена.[147])
2. Јанаки Илиев, 100-годишен, убиен со куршум.[148])
3. Илија Новачков, 70-годишен, убиен со куршум.[149])
4. Настовица Велкоска, 80-годишна, убиена со куршум.
5. Николица Говеловска, 70-годишна, убиена со куршум.[150])
6. Наковица Србинова, 25-годишна, умрела од страв.[151])

---

142) Сведенија од Костурско., 96; В. Чакаларов, Въстанието., 233; Освободителната борба въ Костурско, по спомени на П. Кляшевъ, 128, 131.

Меѓутоа, според Темчев, селото било нападнато на 25 и 26 јули ст. стил. Сп. Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . . , XIV/139, 13.

143) Извештај на Љ. Михајловиќ бр. 645., 74; Сведенија од Костурско, 100.

Меѓутоа, според Темчев изгореле 30 куќи и 22 плевни. (Темчевъ, Idem). Според Кљашев изгорело едно маало во Шестеово. (Освободителната борба въ Костурско, по спомени на П. Кляшевъ, 128, 131); „Видов дека димат 1—2 куќи, а другите не беа запалени" — истакнува Чакаларов. (В. Чакаларов, Въстанието. . . , 233).

144) Според Мемоарот, с. Шестеово настрадало на 26 август ст. стил. (Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 202).

Меѓутоа, според Темчев, селото било повторно нападнато на 31 август ст. стил (Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . . , XIV/139, 14); Според австроунгарскиот конзул во Битола, Август Крал, Шестеово настрадало при првиот разгор на турската офанзива — на 28 август н. стил. (Извештај на А. Крал бр. 124/16. IX. 1903 год., — Д. Зографски, op. cit., 131).

145) Прилог кон извештајот на Љ. Михајловиќ п. п. бр. 884. . . , 150.

Истиве бројки се предадени и во Мемоарот. Меѓутоа, се однесуваат само на нападот од 26 август ст. стил. Сп. Макед. и Одринско. . . , 202.

146) Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 202.

147) Споменатава, според Темчев, била убиена на 25 јули ст. стил. (Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . . , XIV/139, 13).

148) Сведенија од Костурско. . . , 100.

Според Темчев, Јанаки Илиев бил на 90-годишна возраст и бил ликвидиран со нож на 26 јули ст. стил (Темчевъ, Idem), а според Мемоарот Јанаки бил егзекутиран на 26 август ст. стил. (Макед. и Одрин., 202).

149) Сведенија од Костурско. . . , цит. зборн., 100; Македония и Одринско. . . , 202.
Меѓутоа, Темчев го споменува под името Миљо. (Н. Темчевъ, Idem).

150) Сведенија од Костурско. . . , 100.
Меѓутоа, во Мемоарот се споменува под презимето Гавалова. Сп. Македония и Одринско, Мемоаръ, 202.

151) Сведенија од Костурско. . . , 100.
Меѓутоа, кај Темчев се споменува Петра Србинова, 25-годишна, убиена со нож. (Темчевъ, Idem). Веројатно станува збор за иста личност.

7. Султа Атанасова, 30-годишна, умрела од страв.[152])
8. Марија Ганова, 35-годишна, убиена со куршум.
9. Јани Сиркелов, 68-годишен, убиен со куршум.[153])

Селото Цреншица, прво од костурските села по почнувањето на споменатата турска офанзива, го искусила теророт. На 14/27 август 1903 година многубројна турска војска, разгневена од исцрпувачката и крвава борба со востаниците, со топови го нападнала и го разорила селото Цреншица. Овојпат немало жртви, бидејќи населението навреме се засолнало.[154]) Една недела подоцна, аскер повторно влегол во селото, „го доограбил недограбеното и го изгорил недоизгореното".[155]) Притоа настрадале:

1. Дамјан Сулов, 50-годишен, отепан со куршум.
2. Дамјан Бошков, 52-годишен, отепан со куршум.[156])
3. Христо Бошков, 35-годишен, отепан со куршум.[157])
4. Петар Попов, 83-годишен, отепан со куршум.
5. Диме Главчев, 81-годишен, отепан со куршум.[158])
6. Митре Бапчорлија, 73-годишен, отепан со куршум.
7. Сија Бапчорова, 50-годишна, исечена на парчиња.[159])
8. Сидо Поп Јармов, 60-годишен, заклан.[160])
9. Фиљо Ризов.[161])
10. Риса Срјанова, заклана.[162])

---

[152]) Сведенија од Костурско..., 100.

Кај Темчев се споменува Султана Неделкова, 20 год. (Н. Темчев, Idem). Можно е да се работи за иста личност.

[153]) Ганова и Сиркелов, според Темчев, настрадале на 31 август ст. стил Сп. Н. Темчевъ, Жертвитѣ..., Ил. Илинденъ, XIV/139, 14.

[154]) Македония и Одринско..., 201; Хр. Силяновъ, op. cit., 384; Сведенија од Костурско..., 98; Борбата въ Костурско и Охридско, по спомени на Ив. Поповъ и др..., 45; Спиро Загоричанин, Костурско в македонското освободително движение до 1903 г., сб. 50 години от Илинденското въстание, София, 1953, 77.

[155]) Македония и Одринско, Мемоаръ..., 201.

Тоа, според Мемоарот станало на 21 август ст. стил; Меѓутоа, според Динева, нападот бил извршен на 22 август. (А. Динев, Илинденска епопея т. I, София, 1945, 410).

[156]) Сведенија од Костурско..., 101.

Кај Темчев се споменува Дамјан Василев. (Н. Темчевъ, Жертвитѣ при потушуване на Илинденското възстание, Ил. Илинденъ, XIV/139, 13). Веројатно станува збор за еден од гореспоменативе.

[157]) Сведенија од Костурско..., 101.

[158]) Сведенија од Костурско..., 101; Н. Темчевъ, Idem.

Меѓутоа, во Мемоарот се споменува под името Дине. (Македония и Одринско, Мемоаръ..., 201).

[159]) Сведенија од Костурско..., 101.

[160]) Сведенија од Костурско, 101: Македония и Одринско..., 201.

Меѓутоа, кај Темчев се споменува под презимето Трпов (Темчевъ, Idem).

[161]) Сведенија од Костурско, 101; Македония и Одринско, Мемоаръ, 201. Кај Темчев се споменува Фиљо Рогов. (Н. Темчевъ, Idem).

[162]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ..., XIV/139, 13.

Во Мемоарот (Мак. и Одринско..., 201) се споменува како Риса Фјанова, а во Сведенија од Костурско..., 101, како Раса Јанова.

11. Никола Стефов, убиен.
12. Васил Рогов, убиен.
13. Иван Пецов, убиен.[163])

При овие напади биле опожарени сите 80 куќи на Црешница.[164])

На 15/28 август 1903 година истиот аскер што го опустошил с. Црешница, го ограбил и го потпалил с. Кондораби.[165]) Изгореле сите 30 куќи.[166]) Населението навреме се засолнило в планина.[167])

На 15/28 август истиот аскер што ги руинирал с. Црешница и Кондораби, го ограбил и го опожарил с. Б'мбоки.[168]) Изгореле сите куќи, меѓу кои и селското училиште, со исклучок на турската кула покрај селото.[169])

Од ова село на 25. VII/7. VIII. 1903 год. на патот за Клисура настрадале:

1. Стефан Гисчев, 55-годишен.
2. Петре Стефанов, 20-годишен.

На 15/28. VIII. на ѕверски начин биле погубени:

1. Диме Николов, 55-годишен.
2. Дедо Христо, 100-годишен.
3. Старецот Делиоланов, 70-годишен.
4. Старицата Делиоланова, 63-годишна.[170])

---

[163]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . . , Ил. Илинденъ, XIV/139, 13.

[164]) Сведенија од Костурско. . . , 101; Извештај на Љ. Михајловиќ п. п. 884/20. XI. 1903., 150, Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 201.

Меѓутоа, според Динев, селото имало 69 куќи. (А. Динев, op. cit., 410).

[165]) Сведенија од Костурско. . , 99; Борбата въ Костурско и Охридско, по спомени на Ив. Поповъ и др. . . , 46; Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . . , XIV/139, 13.

Меѓутоа, според Мемоарот, селото било опожарено на 14/27 август., (Македония и Одринско. . . , 201), а според Силјанов на 16 август ст. стил Сп. Хр. Силяновъ, op. cit., 385.

[166]) Извештај на Љ. Михајловиќ бр. 884/20. XI. 1903., 150; Сведенија од Костурско. . . , 101.

Меѓутоа, според Мемоарот (Македония и Одринско. . . , 201), биле опожарени сите 35 куќи, а според Темчев (Н. Темчевъ, Idem) сите 23 куќи.

[167]) Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 201.

[168]) Извештај на А. Крал бр. 124/16. IX. 1903 г., Д. Зографски, op. cit., 131; Сведенија од Костурско, 99; Борбата въ Костурско и Охридско, по спомени на Ив. Поповъ и др. . . , 46; Загоричанин, Костурско. . . , 77.

Меѓутоа, според Мемоарот и Динев селото настрадало на 14/27 август (сп. Македония и Одринско. . . , 202; А. Динев, op. cit., 409), а според Силјанов, на 16 август ст. стил. (Хр. Силјановъ, op. cit., 385).

[169]) Според Љ. Михајловиќ изгореле сите 40 куќи. (Извештај бр. 884., 150); Според Динев, изгореле сите 43 куќи (А. Динев, op. cit., 409); Според Мемоарот, изгореле сите 50 куќи. (Македония и Одринско. . . , 202); а според Сведенија од Костурско. . . , 101, целото село, што имало 80 куќи, изгорело.

[170]) А. Динев, op. cit., 409.

Најлесно поминало с. Олишта. На 15/28 август 1903 година било нападнато и ограбено.[171]) Притоа биле потпалени само 2—3 куќи.[172]) Населението навреме избегало.[173])

Теророт дошол до полн израз во с. Загоричани. На 15/28 август неколкуилјаден аскер со артилерија го нападнал, го разорил и го опожарил ова големо и богато костурско село.[174]) Во пожарот изгореле сите 630 куќи.[175]) Единствено црквата и камбанаријата останале неруинирани.[176]) Според Мемоарот, ѕверски биле погубени 25 жители на Загоричани, а 30 малолетни деца на возраст од „8—12 години биле фрлени во една фурна, покриени со слама и живи изгорени"[177])

Ѕверски биле убиени:

1. Никола Шоплев, 60-годишен.
2. Дине Манов, 67-годишен.
3. Стерјо Которенец, 68-годишен.
4. Ване Лексов, 60-годишен.
5. Јованица Лексова, 57-годишна.
6. Васил П. Димитров, 80-годишен.
7. Умче Лажовкин, 65-годишен.

---

[171]) Македония и Одринско. . . , 202; Извештај на А. Крал бр. 124. . . , 131. Во Сведенија од Костурско. . . , 101, погрешно е името на селото (Орлишта).

[172]) Според Динев, кој ги пренесува податоците на Темчев, била опожарена само 1 куќа (А. Динев, op. cit., 409); Според Мемоарот (Мак. и Одринско. . . , 202) изгореле само 2 од вкупно 90 куќи; Според Сведенија од Костурско. . . , од 90 биле опожарени само 3 куќи. (Прилог. . . , 101).

[173]) Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 202.

[174]) Сведенија од Костурско. . . , 99; Македония и Одринско. . . , 202; Извештај на А. Крал бр. 124/16. IX. 1903 г., 131; Борбата въ Костурско и Охридско. . . , по спомени на Ив. Поповъ и др., 46.

Според Темчев, селото било нападнато од турски одред предводен од јузбашијата Исмаил Бедри. (А. Динев, op. cit., 407); Според Силјанов, селото било разорено на 16 август ст. стил. (Хр. Силяновъ, op. cit., 385). Интересно е што Силјанов на друго место говори дека селото Загоричани изгорело на 15 август ст. стил (Хр. Силяновъ, op. cit., 422).

Невистинит е податокот дека востаниците при повлекувањето од Клисура — ги запалиле селата Загоричани, Бобишта и Црешница. Сп. Извештај на Љ. Михајловиќ, п. п. бр. 590/18 август 1903, цит. зборн., 64. Оваа информација веројатно потекнала од турски извори.

[175]) Македония и Одринско., 202; Извештај на Љ. Михајловиќ бр. 645., 74.

Меѓутоа, според Сведения од Костурско. . . , 101, Загоричани имало 603 куќи; Според Темчев селото имало 506 куќи, кои биле грабени и горени од башибозукот во текот на цел месец, почнувајќи од 28 август (А. Динев, op. cit., 407—8); Според еден подоцнежен извештај на Љ. Михајловиќ (бр. 884., 149) биле опожарени сите 500 куќи. Како и да е, с. Загоричани е најголема костурска населба што била опожарена во текот на Илинденското востание.

[176]) А. Динев, op. cit., 407.

[177]) Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 202; Хр. Силяновъ, op. cit., 422.

Меѓутоа, според Темчев, имало 16 убиени. (А. Динев, op. cit., 408); Бројката од 150 убиени старци, жени и деца што е презентирана во Сведенија од Костурско. . ., 101, — е хиперболизирана.

8. Каља Гистрова, 60-годишна.
9. Умче Пишмаров, 70-годишен.
10. Проса Кирова, 38-годишна.
11. Гина Калкатронкина, 50-годишна.
12. Насе Чулев, 75-годишен.
13. Вангел Шпатов, 68-годишен.
14 Типо Цонцев, 75-годишен.
15. Гиле Цимура, 85-годишен.[178])

Покрај тоа, „16 најубави жени и девојки биле пленети од аскерот и по 15 дневно држење во турскиот логор — (биле, м. б.) ослободени со богат откуп. Сите пленети биле силувани".[179])

Слична судбина го снашла с. Вишени. На 21. VIII/3 септември 1903 година с. Вишени било опожарено.[180]) Изгореле скоро сите куќи.[181])

Притоа настрадале:

1. Гиле Гилев, 70-годишен, заклан со пила.[182])
2. Дане Иликов, 65-годишен, заклан.[183])
3. Сидо Бакрачев, 81-годишен, отепан со куршум.[184])
4. Поп Кочо, 70-годишен, отепан со куршум.[185])
5. Коле Ленко, 60-годишен, отепан со куршум.[186])

---

[178]) А. Динев, op. cit., 408.

За херојската смрт на 35-годишниот Алексо Ванов и погубувањето на неговото семејство види: Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 188—9.

[179]) Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 202; Меѓутоа, според А. Крал, биле одвлечени 15 жени и деца (Сп. Извештај на Крал бр. 124/16 септември 1903 год., Д. Зографски, op. cit., 131), а според Сведенија од Костурско. . ., 102, биле пленети. 30 жени и девојки.

[180]) Македония и Одринско, 202; Хр. Силяновъ, op. cit., 385.

Темчев дал своја верзија за настанот. Според него, селото настрадало на 22 и 23 август ст. стил. (Н. Темчевъ, Жертвите. . ., XIV/139, 13.) Меѓутоа сосем е погрешен податокот на Загоричанин дека селата Вишени и Блаца настрадале на 15 август ст. стил. (Загоричанин, Костурско. . ., цит. зб., 77).

[181]) Според Сведенија од Костурско. . ., 101, — од 200 останале здрави само 13 куќи. Според Љ. Михајловиќ, останале здрави 15 од вкупно 200 куќи. (Извештај на Љ. Михајловиќ бр. 645/5. IX. 1903., 74); Според Темчев изгореле 172, а останале здрави 14 куќи. (Темчевъ, Idem). Според Мемоарот, изгореле 150 од вкупно 157 куќи. (Македония и Одринско, Мемоар. . ., 202); Меѓутоа, според еден подоцнежен извештај на Љ. Михајловиќ изгореле сите 160 куќи. (Извештај бр. 884/20. XI. 1903., 150).

[182]) За монструозното убиство на Гилев види:

Македония и Одринско. . ., 187, 202; Хр. Силяновъ, op. cit., 422.

Во Сведенија од Костурско (Прилог. . ., 101) се споменува Гиле Сотиров, 73-годишен; Меѓутоа, според Темчев, Гиле Сотиров бил на 55-год. возраст. (Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., XIV/139, 13).

Очигледно станува збор за иста личност.

[183]) Сведенија од Костурско, 101.

Во Мемоарот се споменува Дине Ишков (Македония и Одринско, 202).

Веројатно се работи за иста личност.

[184]) Сведенија од Костурско, 101.

Меѓутоа, според Темчев, Сидер Бакрачев имал 65 години. (Темчевъ, Idem)

[185]) Македония и Одринско. . ., 202; Сведенија од Костурско. . ., 101.

[186]) Сведенија од Костурско. . ., 101.

6. Дине Колков, 85-годишен, отепан со куршум.[187])
7. Поп Трифун, 65-годишен, отепан со куршум.
8. Диме Карајоргов, 65-годишен, отепан со куршум.[188])

На 21. VIII/3 септември н. стил 1903 година истиот аскер што го опустошил с. Вишени, го нападнал, го ограбил и го опожарил с. Блаца.[189]) Притоа изгореле 50 од вкупно 90 куќи.[190]) Настрадале:

1. Трифуна Ѓовева, 49-годишна, заклана.[191])
2. Иван Г. Андонов, 63-годишен, заклан.
3. Илија Стумбов, 38-годишен, отепан со куршум.
4. Вангел Чалмов, 17-годишен, отепан со куршум.[192])
5. Теодосија Тишлиев, 62-годишен, отепан со куршум.
6. Пандо Пишмиров, 45-годишен, отепан со куршум.[193])
7. Нунта Полева, 50-годишна, отепана со куршум.[194])
8. Пандо Голичев, 60-годишен, искасапен.
9. Михаил Божев, 70-годишен, искасапен.[195])
10. Петар Залов, 53-годишен, искасапен.[196])
11. Насо Кириев, 11-годишен, искасапен.
12. Тасе Калига, 60-годишен, искасапен.[197])
13. Стерјо Накол, 12-годишен, искасапен.[198])

---

Истава личност кај Темчев се споменува под презимето Лејков, 65 г., (Темчев Idem), а во Мемоарот (Мак. и Одрин. . . , 202) како Пејков.

187) Сведенија од Костурско, 101.

Во Мемоарот се споменува по презимето Калков. (Мак. и Одринско, 202).,

188) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . . , Ил. Илинденъ, XIV/139, 13.

189) Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 202; Хр. Силяновъ, op. cit., 385. Меѓутоа, според Темчев (Idem) с. Блаца настрадало на 22 август ст. ст.

190) Прилог кон извештајот на Љ. Михајловиќ бр. 884. . . , 150.

Според Мемоарот, с. Блаца имало 92 куќи. Аскерот опожарил две маала со 50 куќи. (Македония и Одринско. . . , 202); Меѓутоа, според Темчев изгореле 70 од вкупно 96 куќи. (Н. Темчевъ, Idem); Според Сведенија од Костурско (Прилог. . . , 101), од вкупно 100 останале здрави само 18 куќи.

191) Сведенија од Костурско, 101.

Во Мемоарот (Мак. и Одринско, 202) се споменува под презимето Ѓокова.

192) Сведенија од Костурско. . . , 101.

193) Сведенија од Костурско. . . , 101.

Во Мемоарот се споменати Тодосија и Пандо Пишмиреви. (Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 202).

194) Сведенија од Костурско. . . , 101.

Истава личност во Мемоарот се споменува под презимето Томева (Македония и Одринско. . . , 202), а кај Темчев фигурира како Нунта Атанасова, 60 годишна. (Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . . , XIV/139, 13).

195) Сведенија од Костурско. . . , 101.

Истава личност во Мемоарот се споменува под презимето Бошев. (Македония и Одринско. . . , 202).

196) Сведенија од Костурско. . . , 101.

Истава личност во Мемоарот се споменува под презимето Ѕалев. (Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 202).

197) Сведенија од Костурско. . . , 101.

198) Сведенија од Костурско. . . , 101.

Истава личност кај Темчев се споменува како Стерјо Влаше, 12 год. Сп. Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . . , Ил. Илинденъ, XIV/139, 13.

14. Спасе Комита, убиен.
15. Стефан Конев, убиен.[199])
16. Досо Димитров, 80-годишен, убиен со нож.
17. Трпче Костадинов, 75-годишен, убиен со нож.
18. Пандо Костадинов, 80-годишен, убиен со нож.
19. Атанас Комитов, 70-годишен, убиен со нож.
20. Петре Кузманов, 60-годишен, убиен со нож.
21. Елена Атанасова, 25-годишна, убиена со нож.
22. Атанас Василев, 20-годишен, расечен.[200])

Ранети биле:

1. Пандовица Тишмирова, ранета со штик.
2. Доста Тишмирова, ранета со штик.
3. Димитар Тишмиров, ранет со штик.[201])
4. Деспа Пандова, 50-годишна, тешко ранета.
5. Димитар Пандов, 12-годишен, тешко ранет.
6. Тана Пандова, 14-годишна, тешко ранета.[202])

Во с. Блаца бестијалноста на аскерот достигнала кулминација.[203]) Силувани биле многу жени и девојки. Заплenетите 12 наубави жени и девојки биле „одведени кај пашата во опожарената Црешница и таму силувани цела ноќ".[204])

На 31 август/13 септември н. стил 1903 година по тешка борба со востаниците, турскиот аскер го ограбил и го опожарил најблиското село до Костур — Апоскеп.[205]) Притоа изгореле сите 120 куќи.[206]) Покрај тоа, на ѕверски начин биле убиени 14 селани.[207])

---

[199]) Македония и Одринско. . ., Мемоаръ. . ., 202.

[200]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., XIV/139, 13.

[201]) Сведениіа од Костурско. . ., 101.

Меѓутоа, во Мемоарот се говори за Пандовица, Добра и Димитар Пишмиреви (Македония и Одринско. . ., 202). Очигледно се работи за исти личности.

[202]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., Ил. Илинденъ, XIV/139, 13.

[203]) „Пред очите на многу жени двајца војници обесчестија една млада невеста која премре од маки." (Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 202).

Според Чакаларов, жените од Блаца и Црешница насилно биле соблекувани и јавно обесчестувани. (В. Чакаларов; Въстанието. . ., 254).

[204]) Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 202.

[205]) Македония и Одринско, 202; Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., XIV/140, 12; Спиро Загоричанин, Костурско. . ., цит. зборн., 76.

[206]) Н. Темчевъ, Idem; Освободителната борба въ Костурско. . ., 132.

Меѓутоа, според Мемоарот, с. Апоскеп имало 25 куќи (Мак. и Одрин., 202). Очигледно спомeнатиов податок е погрешен. За тоа сведочи и податокот на британскиот вице-конзул во Битола Блант од 1897 г., — според кој Апоскеп тогаш имало 116 куќи. Сп. Хр. Андонов Полјански, Еден непознат статистички преглед за населението во Битолскиот вилает од 1897 г., Год. зборн. на Филоз. фак., кн. 21, Скопје, 1969, факсимили, 60.

[207]) Хр. Силяновъ, op. cit., 387; Освободителната борба въ Костурско, спомени на Пандо Кляшевъ. . ., 132; Загоричанин, Костурско. . ., 77.

Меѓутоа, според Мемоарот (Македония и Одринско. . ., 202) биле убиени 15 селани, а според Темчева (Жертвитѣ. . ., XIV/140, 12) — 5 мина селани.

На посебно грозен начин биле погубени:

1. Лазо Лукаров, жив одран.
2. Свештеник Мишо, жив одран.[208])
3. Нико Шумалиев, маченички убиен.
4. Наум Мајстор, погубен во Костур.
5. Спасо Шолјов, погубен во Костур.[209])

Селата Бобишта и Мокрени во клисурската нахија ги снашла слична судбина.

На 15/28 август 1903 година многубројна турска војска командувана од Исмаил Бедри го нападнала, го ограбила и го потпалила с. Бобишта.[210]) Притоа изгореле сите куќи, меѓу кои и зградите на машкото и женското училиште.[211]) Грото на населението навреме се прибрало во Клисура, поради што и бројот на жртвите бил помал. Настрадале 13 лица:

1. Дине Качаров, 65-годишен, убиен.
2. Дине Цинар, 70-годишен, убиен.
3. Митко Јанков, 55-годишен, убиен.
4. Иван Сарков, 70-годишен, убиен.
5. Мите Христов, 23-годишен, убиен.
6. Кузман Митрев, 14-годишен, убиен.
7. Мите Ѕиља, 50-годишен, убиен.
8. Ване Цаклев, 70-годишен, убиен.
9. Тасе Димитров, 13-годишен, убиен.
10. Кузо Христов, 45-годишен, убиен.
11. Тана Љакова, 110-годишна, убиена.
12. Тана Стефова, 75-годишна, убиена.
13. Катерина Јаловчева, 50-годишна, убиена.[212])

Следниот ден, 16/29 август 1903 година бил фатален за соседното село Мокрени. На тој ден многуброен аскер влегол

---

[208]) Освободителната борба въ Костурско. . . , 132; Македония и Одринско. . . , 189; Хр. Силяновъ, op. cit., 387.

[209]) Темчев, Жертвитѣ. . . , Ил. Илинденъ, XIV/140, 12.

[210]) Македония и Одринско. . . , 205; А. Динев, op. cit., 406—7; Сведенија од Костурско. . . , стр. 99; Борбата въ Костурско и Охридско, по спомени на Ив. Поповъ., 46; Загорчанин, Костурско. . . , 76.

Меѓутоа, според Силјанов, с. Бобишта настрадало на 16 август ст. стил. (Хр. Силяновъ, op. cit., 385).

[211]) Според Мемоарот изгореле сите 100 куќи. (Македония и Одринско. . . , 205); Според Темчев изгореле сите 115 куќи. (А. Динев, op. cit., 407); Според Љ. Михајловиќ изгореле сите 130 куќи. (Извештај на Љ. Михајловиќ бр. 645/5. IX. 1903 г. цит. зб., 74); Во друг подоцнежен извештај Михајловиќ ја изнесува бројката од 110 куќи. (Извештај бр. 884/20. XI. 1903. . . , 150); Според Сведенија од Костурско. . . , 101, селото имало 150 куќи.

[212]) А. Динев, op. cit., 406.

во селото, го ограбил и го опожарил.[213]) Изгореле сите 200 куќи, меѓу кои и селското училиште.[214])

Ова село ги дало следниве жртви:

1. Наки Колјанов, кмет, 40-годишен, маченички убиен од толпа башибозук на 23. VII/5. VIII. 1903 г. во Костур.
2. Геле Динев, советник, 60-годишен, маченички убиен од толпа башибозук на 23. VII/5. VIII. 1903 г. во Костур.
3. Дине Велков, советник, 60-годишен, маченички убиен од толпа башибозук на 23. VII/5. VIII. 1903 г. во Костур.
4. Петре Андреев, советник, 40-годишен, маченички убиен од толпа башибозук на 23. VII/5. VIII. 1903 г. во Костур.
5. Наси Колјанов, 80-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
6. Никола Котев, 35-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
7. Мити Тасев, 80-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
8. Нено Митрев, 70-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
9. Пети Дуков, 40-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
10. Кота Грчев, 60-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
11. Дони Ников, 70-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
12. Симо Ников, 40-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
13. Наси Ѓашов, 60-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
14. Таси Манов, 60-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
15. Коли Кондев, 90-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
16. Васил Николов, 40-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.

---

213) Извештај на А. Крал бр. 124. . . , 131; Хр. Силяновъ, op. cit., 385; Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . . , Ил. Илинденъ, XIV/5 (135), 13.

Меѓутоа, според Ив. Попов и Загоричанин, с. Мокрени било опожарено на 15/28 август (Борбата въ Костурско и Охридско., 46; Загоричанин, Костурско. . . , 76), а според Сведениіа од Костурско. . . , 99, с. Мокрени настрадало неколку дена по изгорувањето на с. Бобишта.

214) Сведенија од Костурско. . . , 102; Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 205.

Меѓутоа, според Темчев, изгореле сите 174 куќи. (Динев, op. cit., 406), а според Љ. Михајловиќ сите 180 куќи на селото биле опожарени. (Прилог кон извештајот на Љ. Михајловиќ бр. 884/20. XI. 1903., 150).

17. Жељо Ицков, 62-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
18. Марко Шапев, 80-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
19. Васил Стефов, 40-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
20. Типо Илков, 70-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
21. Таси Мишев, 40-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
22. Мито Гогов, 60-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
23. Нацо Бочев, 80-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
24. Геле Димана, 60-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
25. Коли Мата, 60-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
26. Мити Нашов, 80-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
27. Василица Бачова, 70-годишна, пронижена со неколку куршуми на 16/29 август.
28. Христо Нанов, 45-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
29. Тасе Христов, 17-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
30. Наси Пуфе, 80-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
31. Васил Штерев, 70-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
32. Мине Нанов, 50-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
33. Стојан Типов, 80-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
34. Ињо Ташев, 40-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
35. Мити Котев, 30-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
36. Коце Митев, 22-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
37. Мити Сити, 80-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
38. Мара Нашева, 70-годишна, пронижана со неколку куршуми на 16/29 август.

39. Алекси Динев, 17-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.
40. Зоја Ташева, 70-годишна, пронижана со неколку куршуми на 16/29 август.
41. Свештеник Данаил, 80-годишен, пронижан со неколку куршуми на 16/29 август.[215])
42. Стана Лазарова, убиена.
43. Маса Ѓаштева, убиена.
44. Катерина П. Типева, убиена.
45. Тина Шапева, убиена.[216])

Покрај тоа, аскери заплениле и одвлекле 6 жени и деца од с. Мокрени.[217])

Во текот на август 1903 година опожарено е и костурското село — чифлиг Котори.[218]) Притоа изгореле сите 16 куќи.[219])

На 22. VIII/4 септември н. стил 1903 година с. Бапчор станало жртва на теророт. Тогаш ѕверски биле ликвидирани следниве жители на Бапчор:

1. Илија Т. Апостолов, 70-годишен, убиен со куршум.
2. Коста Ј. Пелов, 25-годишен, убиен со куршум.
3. Иван Марковски, 60-годишен, убиен со куршум.
4. Диме Т. Марковски, 30-годишен, убиен со куршум.
5. Јане М. Димов, 60-годишен, убиен со куршум.
6. Васил П. Маленцев, 18-годишен, убиен со куршум.
7. Иван М. Куламев, 60-годишен, убиен со куршум.
8. Тодор Ставрески, 50-годишен, исечен на парчиња.
9. Кирјако Н. Жешков, 60-годишен, исечен на парчиња.
10. Фило Кочов, 76-годишен, исечен на парчиња.
11. Елена Спасова, 20-годишна, исечена на парчиња.
12. Георги Ј. Стојчев, 50-годишен, искасапен.
13. Гиле Т. Гулев, 20-годишен, искасапен.
14. Танас М. Стојчев, 50-годишен, искасапен.
15. Георги И. Огненов, 60-годишен, заклан.
16. Танас М. Гегов, 60-годишен, заклан.

---

[215]) Н. Темчевъ, Жертвитѣ. . ., Ил. Илинденъ, XIV/135, 13.

[216]) А. Динев, op. cit., 405.

Самата бројка од 45 маченици ја потенцира големината на теророт во ова костурско село. Меѓутоа, бројката од 300 убиени што е предадена во Сведенија од Костурско. . ., 102, — е хиперболизирана.

[217]) Извештај на А. Крал бр. 124/16. IX. 1903. . ., 131.

[218]) Сведенија од Костурско. . ., 99, 101.

[219]) Извештај на Љ. Михајловиќ п. п. бр. 645/5. IX. 1903., цит. зборн., 74; Сведенија од Костурско. . ., 101.

17. Леко М. Димев, 50-годишен, заклан.

18. Колевица Белчева, 40-годишна, заклана.

19. Дисовица Ставреска, 70-годишна, заклана.[220])

Многу полесно поминало с. Куманичево. Ова мешано село првпат било нападнато од башибозук на 21. VII/3 август 1903 година. Притоа било ограбено „горното (христијанско) маало" и бил убиен Пено Стреков. На 17/30 август повторно настрадало „горното маало". Аскерот го ограбил и опожарил две куќи. Меѓутоа, подрастични репресалии не биле преземени, пред сè, благодарение на залагањето на турските селани од „долното маало" кај јузбашијата Исмаил Бедри.[221]) Ова евидентно говори дека обичниот турски селанец бил животно заинтересиран за коегзистенција со своите соседи.

На 24. VIII/6. IX. 1903 година на монструозен начин била убиена 25-годишната бремена жена Пандовица Аличева од с. Рулја.[222]) Покрај неа, бил ликвидиран и Стојан Аличев од истото село.[223])

Според австроунгарскиот конзул во Битола, Август Крал, турската војска на 29 август 1903 година на вандалски начин го уништила костурското село Лехово.[224])

Наведовме имиња на преку 320 погубени што паднале како жртви на османлискиот терор во Костурско. Меѓутоа, нивниот број бил значително поголем.

Во Костурската каза за време на Илинденското востание османлискиот терор бил присутен во селата: Лобаница, Црновишта, Д'мбени, Врбник, Жупаница, Косинец, Орман, Горно и Долно Дреновени, Поздивишта, Вмбел, Кономлади, Турје, Смрдеш, Шестеово, Црешница, Кондораби, Б'мбоки, Олишта, Загоричани, Вишени, Блаца, Апоскеп, Бобишта, Мокрени, Котори, Бапчор, Куманичево, Рулја и Лехово. Наведовме податоци за 30 костурски села кои повеќе или помалку ги искусиле репресалиите во периодот на Илинденското востание. Со други зборови речено, близу 1/3 од Костурската каза се нашла во вителот на османлискиот терор. Ова ја вбројува Костурската каза во редот на најтешко погодените области во текот на Илинденското востание.[225])

---

[220]) Сведенија од Костурско, Прилог кон извештајот на Љ. Михајловиќ п.п. бр. 680/20. IX. ст. стил 1903 год., — Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание, Илинденски зборник, Скопје, 1953, 102.

[221]) А. Динев, op. cit., 408.

[222]) Македония и Одринско, Мемоаръ на Вжтрѣшната организация, 1904, 189.

Кај Чакаларов се споменува како Павловица Аличева. Сп. В. Чакаларов, Въстанието в Костурско, сб. Илинденско-Преображенското въстание, София, 1968, 254.

[223]) В. Чакаларов, Въстанието в Костурско. . ., цит. зборн., 254.

[224]) Извештај на А. Крал бр. 124/16. IX. 1903 г., Д. Зографски, op. cit., 131.

Кај Чакаларов се споменува под името Елхово. (В. Чакаларов, Въстанитео в Костурско, цит. зборн., 246).

[225]) Така, според Мемоарот, од 97 христијански села во Костурската каза „жестоко настрадале дваесет и три (24%), — од кои 17 се претворени во пеплишта, пет

Врвните пироманства, морбидните злосторства и тортури во Костурската каза се вбројуваат во редот на најтешките злосторства против човештвото.

И покрај сево ова, костурското население пројавило голем стоицизам благодарение на високата свест и високиот морал.[226])

Размерите на османлискиот терор во Костурската каза претставуваат своевиден барометар за успесите и растежот на масовното востаничко движење во Костурската област.

— наполу и едно делумно". Во Костурско биле „опожарени 2.750 христијански куќи (26,2%) и обездомени 15.650 души.Освен тоа, во Костурската каза, според Мемоарот, биле убиени 413 души, обесчестени 396 и пленети 30 жени и девојки. (Македония и Одринско, Мемоаръ на Вжтрѣшната организация, 1904, 206).

Меѓутоа, овие податоци не се целосни. Така, на пр., наведовме податоци дека биле пленети 60 души, и сл.

[226]) „Комати да се стори селото, вие да сте живи, кога ќе се ослободиме подобри куќи ќе си направиме". (Борбата въ Костурско и Охридско / до 1904/. По спомени на *Ив. Поповъ*, См. Войдановъ, Д. Димитровъ и Н. Митревъ, МНИ, кн. III, София, 1925, 38).